**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA

Дел. бр. 15-3258/1

30.08.2021 година

# НАЦРТ СТРАТЕШКИ ПЛАН

## НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

## ЗА ПЕРИОД 2022 – 2024 ГОДИНА

**ДИРЕКТОР**
**Стојанче Ангелов**

Скопје, август 2021 година

**Почитувани,**

Врз основа на анализата на постигнатите резултати и остварениот напредок во досегашниот период на изградба и развој на Системот за управување со кризи, во овој Нацрт Стратешки план, Центарот ги претставува сопствената визија и мисија, кои подржани преку адекватни програмски активности и обезбедување на финансиски средства, планира да ги реализира своите стратешки приоритети и цели, со што ќе се обезбеди имплементирање на ефикасен и ефективен систем за управување со кризи во Република Северна Македонија, во функција на ефикасна заштита на животот и здравјето на граѓаните, материјалните, природните и културните добра, како и општата безбедност на државата.

Во Нацрт Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи (Центарот) за периодот 2022 - 2024 година ги презентираме стратешките приоритети и цели на Центарот, со чија реализација во наредниот период ќе се придонесе во остварувањето на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и нејзините политики од областа на управувањето со кризи и намалувањето на ризици од катастрофи.

Во процесот на изработката на Нацрт Стратешкиот план за периодот 2022- 2024 година, Центарот пристапи кон поставување на своите приоритети и цели, воспостави соодветни програми преку кои ќе се обезбедат финансиски средства за јакнење на капацитетите за ефикасна употреба на целокупните ресурси за постигнување на оптимална ефективност во намалувањето на ризиците од катастрофи на територијата на Република Северна Македонија или на одредени нејзини делови.

Со реализирањето на поставените стратешки приоритети и цели во овој Нацрт Стратешки план, очекуваме да се зајакнат вкупните капацитети на Центарот и Системот за управување со кризи со што ќе се придонесе во зголемување на нивото на вкупните способности на субјектите за превенција и рано предупредување за ризиците кои можат да предизвикаат катастрофи, како и брз и ефикасен одговор и закрепнување од последиците при катастрофи на територијата на Република Северна Македонија, или на одредени нејзини делови.

**Директор на Центарот за управување со кризи**

**Стојанче Ангелов**

